Јавно претпријатие ВОДОВОД ц.о.
Ndermarrja publike VODOVOD s.o.
Бр.Nr. 01-2861/1
28. 11 2025 год.viti
KUMANOVO - KUMANOVË

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТ ИЕ ВОДОВОД КУМАНОВО ц.о. - КУМАНОВО

ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

01. 07. 2025 – 30. 09. 2025 година

Кума... .. 2023 годин.

ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ
на Јавното претпријатие Водовод Куманово ц... Куманово

Предлагач: **Законски застапник на прет... датието**

Преставник: **Игор Липковски**

...новр... ...ина

...

...о.

...три...

Почитувани,

Јавното претпријатие „Водовод" Куманово е основано за вршење на дејности од јавен интерес „доведување на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води". Во извршувањето на наведената дејност се проткаени нашите заложби за континуирана сервисна ориентираност кон граѓаните, обезбедување на висок квалитет на извршените услуги и доследно почитување на принципите:

- сигурност во давањето на услугите;
- континуитет и квалитет на услугите;
- транспарентост;
- достапност и универзална услуга и
- заштита на корисниците и потрошувачите.

Во услови на економска и здравствена криза, намалување на степенот на искористеност на инсталираните капацитети на реалниот сектор во општина Куманово како и постојан пад на економската моќ на граѓаните на општина Куманово се создава несоодветно опкружување за извршување на дејноста на јавното претпријатие, кое пред се се рефлектира во обемот на извршените услуги и степенот на наплатените побарувања.

Но и покрај наведените состојби со ангажирање на целокупниот персонал на јавното претпријатие и соодветната политика на постојана подршка од основачот и навремените и соодветни одлуки донесени од управниот одбор на претпријатието обезбедено е непречено и континуирано извршување на дејноста на претпријатието.

Почитувајќи ги одредбите на постојните законски и подзаконски акти, Меѓународните стандарди за финансиско известување, Меѓународните стандарди за сметководство и добрата пракса за одговорно и транспарентно работење, во продолжение на овој документ е презентиран Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие „Водовод" Куманово за период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година. Веруваме дека информациите кои се поместени во овој извештај се: разбирливи, релеватни, споредливи и навремени, односно истите имаат висок квалитет и преставуваат основа за донесување на соодветна одлука од Советот на општината.

Очекуваме ваквиот начин на презентирање на Тримесечниот финансиски извештај да придонесе за зголемувањето на јавната доверба и ефективната и ефикасната употреба на јавните средства, при што користа ќе биде поголема од трошоците, а квалитетот на нашата работа ќе обезбедува чувство на задоволството кај граѓаните.

Донесувањето на наведениот извештај од страна на Советот на општината ќе преставува потврда за вложениот труд од страна на целокупниот персонал вработен во претпријатието и потврда на политиката што општината Куманово ја води, а тоа е „сервисна ориентираност кон граѓанинот".

Искрено Ваш,

Игор Липковски., В.Д. Директор

Цел на финансиските извештаи

Целта на финансиските извештаи е тоа што тие даваат информации за финансиската состојба, резултатот и промените во финансиската состојба, потребни за голем број на корисници на овие извештаи.

Една од најзначајните карактеристики на финансиските извештаи е што истите се изготвуваат на пресметковна основа во сметководството, при што применетиот принцип ги признава ефектите од трансакциите кога ќе настанат. Настанатите трансакции треба без одложување да се евидентираат во сметководствената евиденција која е основа за изготвување на финансиските извештаи. На овој начин се даваат информации на корисниците на извештаите не само за минатите настани кои вклучуваат плаќање или примање на парични средства, туку и за обврски за кои треба да се платат парични средства во идниот период.

Основни квалитативни карактеристики на финансиските извештаи се:

- Разбирливост;
- Релевантност;
- Материјалност;
- Веродостојност;
- Суштина над формата;
- Неутралност;
- Претпазливост;
- Споредливост.

Елементи на финансиските извештаи

Извештајот за финансиската состојба ги прикажува вредноста на средствата, обврските и капиталот на ентитетот на одреден датум. Вредноста на средствата е еднаква на обврските плус капиталот. За мерењето на финансиската состојба се пропишани неколку елементи:

- Средствата;
- Обврските;
- Главнината/ капиталот.

Средствата претставуваат ресурс контролиран од страна на ентитетот како резултат на минати настани од кој се очекува прилив на идни економски користи за ентитетот. Кон наведеното треба да се истакне дека признавањето на средствата не се поврзува со задолжителност на постоење на физичкиот облик на средството, од причина што патентите и лиценците немаат физички облик, но сепак претставуваат нематеријални средства.

Обврската претставува сегашна облигација на претпријатието која произлегува од минати настани, за чиешто подмирување се очекува одлив на ресурси на претпријатието кои содржат економски користи. Обврската треба да претставува

сегашна обврска односно обврска која на денот на известувањето не е подмирена. Треба да се прави разлика помеѓу сегашната обврска и идното обврзување. Имено, одлуката на раководството на претпријатието да се набават средства само по себе не предизвикува сегашна обврска. Обврската треба да се искаже само кога средството ќе биде испорачано. Покрај наведеното, треба да се истакне дека се дозволува обврските да се искажат и кога се врши проценка, односно резервирања за одделни идни настани.

Капиталот е остатокот на учеството во средствата на ентитетот по одземањето на сите негови обврски. Износот на главнината прикажана во билансот на состојба зависи од мерењето на средствата и обврските. Покрај главнината, можно е создавање на резервите кои се резултат на законската регулатива или согласно барањата од статутот на ентитетот.

Извештајот за сеопфатна добивка обезбедува информации за различни видови на приходи и трошоци за одреден временски период. Покрај наведените елементи треба да се истакне дека во билансот на успех се користи елементот резултат, односно добивка/ загуба. Добивката најчесто се користи како мерка за резултатот како што се повратот на инвестициите или заработувачката по акција. Елементите кои учествуваат во креирање на резултатот се приходите и расходите кои припаѓаат на тековниот пресметковен период.

Приход е бруто прилив на економски користи кој произлегува во текот на редовните активности на претпријатието во периодот кога овие приливи резултираат во зголемување на главнината.

Расход е намалување на економските користи во текот на сметководствениот период во вид на одливи или намалување на средства или правење на обврски кои резултираат во намалување на главнината.

Ставките во извештајот се презентирани на пресметковна основа односно трансакциите се признати и евидентирани кога се случиле, а не кога плаќањето е извршено. Трошоците се спротивставени на приходите кога истите се признати, а не кога истите се платени. Имајќи ги предвид овие принципи на признавање, очигледно е дека постои разлика помеѓу приходите и паричните приливи.

Извештајот за паричните текови ги прикажува изворите кои на деловниот субјект му обезбедуваат готовина (парични приливи) и употребата на таа готовина од негова страна (парични одливи). Кога состојбата со паричните средства (и паричните еквиваленти) на крајот на пресметковниот период е поголема од состојбата на почетокот на пресметковниот период, вкупните парични текови се позитивни.

Извештајот за промените на главнината го прикажува зголемувањето или намалувањето на вкупниот нето имот на ентитетот. Промените можат да произлезат од (уплатите) дополнителни вложувања, намалувањето на главнината (исплатите) и како резултат на деловните активности кога за реализираната добивка или загуба се зголемува или намалува главнината на ентитетот.

1) ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА НА ЈП ВОДОВОД КУМАНОВО за периодот од 01.01. до 30.09.2025 година

Позиција	*Тековен период (01 01 -30.09.2025)*	*Претходен период (01.01.-30.09.2024)*
Приходи од продажба	191.308.264	166.611.157
Останати оперативни приходи	46.923.812	35.198.435
Потрошени материјали и ситен инвентар	29.922.239	26.198.945
Трошоци за вработените	115.730.991	104.625.966
Амортизација и ревалориз. на амортизација	44.603.856	42.720.201
Останати оперативни расходи	43.908.833	45.671.357
Добивка/загуба од оперативно работење	**4.066.157**	**-17.406.877**
Финансиски приходи	6.326.222	4.777.264
Финансиски расходи	1.032.198	371.251
Добивка/загуба пред оданочување		
Данок на добивка		
Добивка/загуба од редовно работење	9.360.181	-13.000.864
Нето добивка/загуба од редов. активности	9.360.181	-13.000.864
Вонредни приходи		
Вонредни расходи		
Нето добивка/загуба	**9.360.181**	**-13.000.864**

2) ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА НА ЈП ВОДОВОД КУМАНОВО за периодот од 01.01. до 30.09.2025 година

По-зи-ција	*Назив на позицијата*	*Тековен период (01.01.-30.09.2025)*	*Претходен период (01.01.-30.09.2024)*
I	**Добивка/ Загуба за периодот**	**9.360.181**	**-13.000.864**
II	**Останата сеопфатна добивка / загуба за периодот којашто не се прикажува во Билансот на успехот (пред оданочување)**		
1.	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење		
2.	Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните материјални и нематеријални средства		
3.	Добивка или загуба врз основа на дополнително вреднување на финансиските средства кои се расположливи за продажба		
4.	Добивка или загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот од паричните текови		
5.	Добивка или загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот од нето вложување во странско работење		
6.	Удел во останатата сеопфатна добивка/загуба на придружените друштва		
7.	Актуарски добивки/загуби по дефинирани планови за користи		
III	**Данок на добивка на останатата сеопфатна добивка за периодот (10%)**		
IV	**Нето останата сеопфатна добивка/загуба за периодот**		
V	**Сеопфатна добивка/загуба за периодот**		
VI	**Сеопфатна добивка/загуба за периодот што припаѓа на:** *Позицијата VI, според нас, би требало да се пополни само при составувањена консолидирани финансиски извештаи.*		
1.	Сопственици на капиталот на матичното друштво		

2.	Неконтролирано учество (Малцински интерес)		

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА ЈП ВОДОВОД КУМАНОВО

на ден 30.09.2025 година

Позиција	*30.09.2025*	*31.12.2024*
СРЕДСТВА		
А) Побарувања за запишан, а неуплатен капитал		
Б) Долгорочни средства	**512.724.774**	**543.910.700**
Нематеријални средства	1.708.790	2.503.771
Материјални средства	511.015.984	541.406.930
Долгорочни вложувања		
Долгорочни побарувања		
В) Тековни средства	**501.261.392**	**474.232.219**
Залихи	15.942.292	14.903.123
Побарувања од купувачи	476.355.181	444.661.110
Побарув. за аванси во земјата		
Останати краткор. побарувања		
Краткорочни фин. вложувања	7.146.151	7.492.479
Активни времен. разграничув.	237.787	67.285
Парчни средства и еквиваленти на парични средства	1.579.981	7.108.221
ВКУПНА АКТИВА	**1.013.986.166**	**1.018.142.919**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		
А) Капитал и резерви	**100.124.407**	**90.764.226**
Запишан капитал	280.155.383	280.155.383
Премии на емитирани акции		
Ревалоризациона резерва		
Резерви		
Акумулирана добивка/ загуба	(180.030.976)	(189.391.157)
Откупени сопствени акции		
Б) Долгорочни резервирања за ризици и трошоци		
В) Малцонски интерес		
Г) Долгорочни обврски		
Д) Тековни обврски	**913.861.759**	**927.378.693**
Обврски спрема добавувачи	560.165.245	535.934.436
Останати краткорочни обврски	60.235.436	61.919.423
Обврски за аванси	869.242	793.214
Обврски по краткор. кредити		
Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди	292.591.836	328.731.620
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ	**1.013.986.166**	**1.018.142.919**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ

П о з и ц и ј а	*Тековен период (01.01.-30.09 2025)*	*Претходен период (01 01 -30 09 2024)*
А) Готовински текови од деловни активности	**7..543.361**	**-15.120.813**
Нето добивка/загуба после оданочување	9.360.181	-13.000.864
Амортизација	44.603.856	42.720.201
Ревалоризација на амортизацијата		
Зголемување/намалување на залихи	-1.039.169	47.725
Зголемување/намалување на побарувања од купувачи	-31.694.071	-31.512.713
Зголемување/намалување на побарувања за аванси		
Зголемување/намалување на останати краткор. побарувања		
Зголемување/намалување на АВР	-170.502	-311.797
Зголемување/намалување обврски спрема добавувачи	24.230.809	20.436.521
Зголемување/намалување обврски за примени аванси	76.028	-100.720
Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски	-1.683.987	1.157.943
Зголемување/намалување на ПВР	-36.139.784	-34.557.109
Б) Готовински текови од инвестициони активности	**-13.071.601**	**-195.381**
Директни набавки на нематеријални и материјални средства	-13.417.930	-1.029.258
Продажба на материјални и нематеријални средства		
Зголемување/намалување на долгорочни вложувања		
Зголемување/намалување на долгорочни побарувања		
Зголемување/намалување на краткорочни финанс. вложувања	346.329	833.877
В) Готовински текови од финансиски активности		**6.500.000**
Зголемување на капиталот		6.500.000
Зголемување/намалување на долгорочни кредити		
Зголемување/намалување на краткорочни кредити		
Исплатени дивиденди		
Откуп/продажба на сопствени акции		
Зголемување/намалување на паричните средства	**-5.528.240**	**-8.816.194**
Парични средства на почетокот на период	*7.108.221*	*13.557.679*
Парични средства на крајот на период	*1.579.981*	*4.741.485*

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА ЗА ПЕРИОДОТ

(во илјада денари)

Позиција	Запишан капитал	Премии на емитирани акции	Резерви издвоени од нето добивката	Акумулирана добивка /загуба	Нето добивка	*Останата сеопфатна добивка / загуба за периодот (по одаточување)*						*Вкупна сеопфатна добивка за перидот по одаточување*
					Добивка за финансиската година	Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните материјални и нематеријални средства	Добивка / загуба врз основа на дополнително вреднување на финансиските средства кои се расположливи за продажба	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Актуарски добивки / загуби по дефинирани планови за користи	Добивка / загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот од нето вложување во странско работење	Удел во останатата сеопфатна добивка / загуба на придружните друштва	
а	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12 = (5+6+7+8+9+10)+11
Состојба на 01.01.24	**273.656)**	**0**	**0**	**(167.064)**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
Исправка на грешки од претх. периоди												
Влијание на промените во сметководствените политики												
Корегирана состојба на 01.01.24	**273.656**	**0**	**0**	**(167.064)**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
Уплати од акционерите (сопственик.)												
Исплати на акционерите (сопственик.)												
Зголемување на капиталот (без уплати од акционери / сопствен.)	6.500											
Намалување на капиталот (без исплати на акционери / сопствен.)												
Добивка / Загуба за тековната година				(22.327)								
Зголемување на сеопфатн. добивка												
Намалување на сеопфатн. добивка												
Состојба на 31.12.24	**280.156**	**0**	**0**	**(189.391)**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
Добивка за распределба на акционери / сопственици на матичн. друштво												
Добивка за малцинските сопственици												
Состојба на 01.01.25	**280.156**	**0**	**0**	**(189.391)**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
Исправка на грешки од претх. периоди												
Влијание на промените во сметководствените политики												
Корегирана состојба на 01.01.25	**280.156**	**0**	**0**	**(189.391)**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
Уплати од акционерите (сопственик.)												
Исплати на акционерите (сопственик.)												
Зголемување на капиталот (без уплати од акционери / сопствен.)												
Намалување на капиталот (без исплати на акционери / сопствен.)												
Добивка / Загуба за тековната година												
Зголемување на сеопфатн. добивка				9.360								
Намалување на сеопфатн. добивка												
Состојба на 30.09.25	**280.156**	**0**	**0**	**(180.031)**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
Добивка за распределба на акционери / сопственици на матичн. друштво												
Добивка за малцинските сопственици												

Финансиски показатели:

Вкупниот приход остварен во период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година изнесува 86.474.070,00 ден. од кои најголем дел приход е од снабдување и испорака на вода за пиење во износ од 42.377.953,00 ден., приходи од одведувањето на отпадни води во износ од 6.103.575,00 ден., приход по основ на пречистување на отпадни води во износ од 20.033.457,00 ден. Приходот од снабдување и испорака на вода, одведувањето на отпадни води и пречистување на отпадни води во износ од 68.514.985,00 денари во структурата на вкупниот приход на претпријатието за истиот приход учествува со 79,20%. Приход од услуги кои ги даваат одделенијата во состав на сектор за технички работи изнесува 1.845.520,00 ден. и истиот во вкупниот приход на претпријатието за истиот период учествува со 2,10 %.

Вкупни трошоците на работењето во период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година изнесуваат 80.517.374,00 ден.

Со вкупно остварените приходи од 86.474.070,00ден. и вкупно направените трошоци во износ од 80.517.374,00 ден. во период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година остварена е добивка од работењето во износ од 5.956.696,00 денари.

Вкупниот приход остварен во првите девет месеци од 2025 год. изнесува 244.558.298,00 ден. од кои приход од снабдување и испорака на вода за пиење во износ од 115.206.177,00 ден., приходи од одведувањето на отпадни води во износ од 16.696.221,00 ден., приход по основ на пречистување на отпадни води во износ од 54.755.661,00 ден. Приходот од снабдување и испорака на вода, одведувањето на отпадни води и пречистување на отпадни води во износ од 186.658.059,00 денари во структурата на вкупниот приход на претпријатието учествува со 76,30 %. Приход од услуги кои ги даваат одделенија во состав на сектор за технички работи изнесува 4.650.205,00 ден. и истиот во вкупниот приход на претпријатието учествува со 1,90 %.

Вкупни трошоците на работењето во првите девет месеци од 2025 год. изнесуваат 235.198.117,00 ден.

Материјалните трошоци на работењето изнесуваат 58.728.639,00 ден.

Трошоците за суровини и материјали изнесуваат 7.097.048,00 ден.

За обезбедување на сирова вода од ВС "Кумановско Липковско Поле" направен е вкупен трошок во износ од 22.249.040,00 ден. Овој износ содржи трошок по фактури од 01 до 09 месец 2025 година по цена од 4,57 ден. без ДДВ 5% или цена од 4,799 ден со 5% ДДВ.

Трошоци за електрична енергија изнесуваат 20.705.974,00 ден., а трошоците за гориво и друг вид на енергија се 2.370.934,00 ден. Трошоци за резервни делови и отпис на ситен инвентар изнесуваат 576.151,00 ден. Трошоци за услуги се однесуваат на транспортни, поштенски, телефонски услуги и интернет, на тековно одржување, наемнина за наплатни центри, комунални услуги, технички прегледи и регистрација на патнички и товарни возила, анализа на вода, одржување на софтвер и сл. и изнесуваат 5.729.492,00 ден.

Амортизацијата изнесува 44.603.856,00 ден.

Нематеријалните трошоци изнесуваат 15.102.433,00 ден.

За првите девет месеци од 2025 год. обезбедена е бруто плата и други лични примања во износ од 115.730.991 ,00 ден., согласно Закон за исплата на плати во РСМ.

За исплата на камати потрошен е износ од 1.032.198,00 ден. кој се однесува на казнени камати заради неисполнување на договори.

Претпријатието обврските по основ на плати и придонеси и другите надоместоци ги подмирува во рамки на своите финансиски можности и во законски рок, а обврските кон државата по основ на ДДВ, данок од добивка и персонален данок се плаќаат веднаш во момент на настанување.

Со вкупно остварените приходи од 244.558.298,00 ден. и вкупно направените трошоци во износ од 235 198 117,00 ден во текот на првите девет месоци од 2025 год остварена е добивка од работењето во износ од 9.360.181,00 ден.

Јавното претпријатие и во наредниот период ќе остане на курсот на домаќинско работење, со целосна заложба за зголемување на приходите по сите основи и намалување на трошоците секаде каде тоа е можно, без негативно да се одрази на редовно и квалитетно работење.

Подетален преглед на остварени приходи и трошоци во период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година е прикажан во Табелата бр. 1, а подетален преглед на остварени приходи и трошоци во период од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година е прикажан во Табелата бр. 2 .

Одделение за сметководство
и финансова оперативa

Јасминка Арсовска_____

ЈП "Водовод" Куманово

В.Д.Директор

_____

Игор Липковски

Табела бр. 1

ПРЕГЛЕД

на остварени приходи и трошоци од 01.01.2025 до 30.09.2025 година во ЈП "Водовод" Куманово

Р.бр.	Конто	Опис	01.01.-30.09.2025	01 01. 30.09.2024
1		Приходи од вода, одведување и пречистување	186.658.059	162.351.899
		Вода и одведување за правни лица	27.062.965	23.662.262
		Вода и одведување за домаќинства	104.839.433	96.115.332
		Пречистување на отпадни води правни лица	10.403.999	7.690.709
		Пречистување на отпадни води домаќинства	44.351.662	34.883.596
2		Приходи од услуги (геодезија, баждарница, мрежа, оператива, механизација)	4.650.205	4.259.258
3		Приходи врз основа на камата	6.326.222	4.777.264
4		Останати приходи	46.923.812	35.198.435
		ВКУПНО ПРИХОДИ	**244.558.298**	**206.586.856**
5	400-401	Потрошени суровини и материјали	29.346.088	25.602.866
6	402-403	Потрошена енергија (електрична, топлотна, нафта, мазут, масло за горење, гориво)	23.076.908	22.925.861
7	404	Потрошени резервни делови и материјали за одржување	406.323	390.878
8	407	Трошоци за ситен инвентар	169.828	205.200
9	410	Транспортни услуги		5.420
10	411	Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет	1.161.258	1.137.627
11	412	Надворешни услуги за извршување на услуги		60.137
12	413	Услуги за одржување и заштита	1.229.338	2.504.956
13	414	Наем	1.790.115	210.831
14	415	Комунални услуги	549.363	604.478
15	416	Трошоци за истражување и развој	63.500	
16	417	Трошоци за реклама и пропаганда		
17	419	Останати услуги	935.918	1.580.666
18	420	Плата и надоместоци на плата	114.502.799	104.028.378
19	422	Останати трошоци за вработените	1.228.192	597.588
20	430	Амортизација	44.603.856	42.720.201
21	440	Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци	171.969	72.658
22	441	Надоместоци на трошоци на вработените	458.245	281.161
23	442	Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор	486.654	554.985
24	443	Трошоци за спонзорства и донации		
25	444	Трошоци за репрезентација	186.951	95.583
26	445	Трошоци за осигурување	1.346.565	687.383
27	446	Банкарски услуги и трошоци за платен промет	1.064.720	842.518
28	447	Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки	227.019	211.000
29	448	Трошоци за користење на права	73.725	35.924
30	449	Останати трошоци на работењето	10.343.492	13.535.307
31	455	Вредносно усогласување на краткор. побар.		
32	468	Казни, пенали надомстоциза штети и друго	14.000	
33	469	Останати расходи од работењето	729.093	324.863
34	479	Останати финансиски расходи - камати	1.032.198	371.251
35		**ВКУПНО РАСХОДИ**	**235.198.117**	**219.587.720**
	I.	ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ	244.558.298	206.586.856
	II.	ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ	235.198.117	219.587.720

	I.	ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ	86.474.070	82.675.815
	II.	ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ	80.517.374	79.167.402
	III.	ОСТВАРЕНА ДОБИВКА	**5.956.696**	**3.508.413**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД ц.о
Ndermarrja publike VODOVOD c.o.
Бр. 02-2819/3
28.11.2025 год.viti
K U M A N O V O - K U M A N O V E

Врз основа на член 20 точка 7 од Статутот на ЈП ВОДОВОД Куманово, Управниот одбор на ЈП ВОДОВОД Куманово на 40. седница одржана на ден 28.11.2025 год донесе:

ОДЛУКА

За усвојување на Финансиски извештај за период 01.07.2025 до 30.09.2025 год(трет квартал)

Член 1

Се усвојува Финансиски извештај за период 01.07.2025 до 30.09.2025 год(трет квартал)

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансиски извештај за период 01.07.2025 до 30.09.2025 год(трет квартал)

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување.

Управен Одбор
Претседател

Цветанка Ивановска

ВОДОВОД ц.о. VODOVOD с.о.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД ц.о
Ndërmarrja publike VODOVOD c.o.
Бр. Nr. 02-2818/3
27.11.2025 год.viti
KUMANOVO – KUMANOVË

Врз основа на член 30 став 4 и член 31 од Статутот на ЈП Водовод Куманово, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиско работење на ЈП ВОДОВОД Куманово по разгледување на содржината на Финансиски извештај за период од 01.07.2025 до 30.09.2025година (трет квартал) на ЈП Водовод Куманово на своја редовна 19 седница од 27.11.2025 година го дава следното:

МИСЛЕЊЕ

Надзорен одбор на ЈП ВОДОВОД Куманово - во состав

1. Слаѓан Михајловски – Претседател

2.Срѓан Милевски – член

3.Гоце Илиќ – член

СЕ ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ на финансиски извештај за период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година(трет квартал) на ЈП Водовод Куманово со предлог Управниот Одбор како таков и **ДА ГО УСВОИ**.

О б р а з л о ж е н и е

Надзорниот Одбор на ЈП "Водовод" Куманово на седницата одржана на ден 27.11.2025 година по разгледување на содржината на Финансиски извештај за период од 01.07.2025 до 30.09.2025 година(трет квартал) на ЈП Водовод Куманово, откако од присутните членови на одборот не беше дадена никаква забелешка, истиот го прифати во целост така како што беше презентиран од стручната служба на ЈП ВОДОВОД Куманово.

Поради тоа до Управниот Одбор на ЈП Водовод Куманово даваме мислење како што стои во самиот диспозитив.

Надзорен Одбор
Претседател

Слаѓан Михајловски

ВОДОВОД ц.о. VODOVOD c.o